Република Северна Македонија

Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА



**март 2024 година**

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## СОДРЖИНА

**Р Е З И М Е** ........ **2**

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** ........ **3**

Индустриско производство ........ 3

Број на работници во индустријата ........ 4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 5

Број на извршени градежни работи по видови објекти ........ 6

Инфлација ........ 7

Берзански цени ........ 8

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** ........ **10**

Извоз ........ 10

Увоз ........ 12

Салдо на трговска размена ........ 13

Валутна структура ........ 14

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** ........ **14**

Буџетски приходи според економската класификација ........ 14

Буџетски расходи според економската класификација ........ 15

Расходи по буџетски корисници ........ 16

Буџетско салдо ........ 18

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** ........ **18**

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ........ 18

Плати ........ 19

Пензии ........ 20

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** ........ **21**

Примарни пари ........ 21

Кредити на банките ........ 22

Каматни стапки на депозитни банки ........ 23

Пазар на капитал ........ 23

Девизни резерви ........ 23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## март 2024 година

- Во март 2024 година, индустриското производство забележа пад од 10,4% во споредба со истиот месец претходната година;
- Стапката на инфлација во март изнесува 4,0% и таа е намалена за 1,0 п.п. во споредба со претходниот месец (3,0% во февруари 2024 година), што претставува забавување на годишниот раст во споредба со минатиот месец, а на месечно ниво забележа зголемување за 0,9%;
- Во периодот јануари - март 2024 година, извозот забележа пад од 9,2%, а увозот од 0,9%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 27,3% споредено со истиот период од 2023 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во март 2024 година изнесуваа 69.418 милион денари, односно 7,1% од БДП, што претставува повисоко остварување за 5,2% во однос на март 2023 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во март 2024 година изнесуваа 84.085 милиони денари, односно 8,6% од БДП, што е за 20,9% повеќе во однос на март претходната година;
- Во март 2024 година, вкупните кредити на банките се зголемија за 6,1% во спореба со март 2023 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 9,3%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во март 2024 година, индустриското производство забележа пад од 10,4% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намаленото производство од 7,6% во секторот Преработувачка индустрија и 38,6% во Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација, додека секторот Рударство и вадење камен бележи раст од 1,9%.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Раст на производството во март 2024 година бележат 11 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 33,66% од вкупната индустрија.

Од гранките со повисока додадена вредност, раст во март 2024 година е забележан кај производството на машини и уреди од 7,7% со придонес од 0,5 п.п. и производството на електрична опрема од 1,9% со придонес од 0,1 п.п., додека намалување бележат гранките: производство на моторни возила, приколки и полуприколки од 17,2% со придонес од -2,3 п.п. и производство на метали од 2,2%, со придонес од -0,1 п.п..

Од традиционалните гранки, зголемување на производството во март 2024 година се забележува кај: производството на текстил за 4,0% и придонес од 0,2 п.п. и производството на пијалаци за 1,2% со придонес од 0,0 п.п., додека намалување на производството се забележува кај: прехранбената индустрија за 4,9%, со придонес од -0,5 п.п., производството на тутунски производи за 57,2% со придонес од –0,7 п.п., производството на облека за 22,7% со придонес од -1,4 п.п., производството на кожа за 59,7% со придонес од -0,4 п.п. и преработката на дрво и производи од дрво и плута за 18,1% и придонес од -0,1 п.п..

Намалувањето на индустриското производство според намената на произведените единици во март 2024 година е резултат на намаленото производство во следните групи: Енергија (пад од 34,9%, придонес од -4,5 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија (пад од 3,4%, придонес од -1,0 п.п.), Капитални производи (пад од 5,0%, придонес од -1,2 п.п.), и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 12,8%, придонес од -3,9 п.п.), додека зголемување на производство бележи единствено групата Трајни производи за широка потрошувачка (раст од 3,5%, придонес од 0,1 п.п.).

На кумулативна основа, во периодот јануари - март 2024 година индустријата забележа пад од 3,1%, што се должи на намаленото производство во сите сектори: Рударство и вадење камен од 2,3% (придонес од -0,2 п.п.), Преработувачка индустрија од 0,5% (придонес од -0,4 п.п.), и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 24,5% (придонес од -3,0 п.п.).







Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари - март 2024 година е регистриран во следните групи: Интермедијарни производи, освен енергија (0,4%) и Капитални производи (6,2%), додека пад се забележува кај гранките: Енергија (за 23,2%), Трајни производи за широка потрошувачка (за 1,7%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 7,1%).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во март 2024 година е зголемен за 1,7% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголемениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен од 5,6%, Преработувачка индустрија од 1,5%, и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,7%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: поправка и инсталирање машини и опрема од 52,6%, производство на моторни возила, приколки и полуприколки од 17,8%, и производство на пијалаци од 15,6%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во март 2024 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележат групите: Енергија од 4,3%, Капитални производи од 16,0% и Трајни производи за широка потрошувачка од 11,5%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - март 2024 година бележи раст од 1,9%, што се должи на зголемениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен од 5,8%, Преработувачка индустрија од 1,7% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,7%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - март 2024 година е зголемен во следните сектори: Енергија за 4,4%, Капитални производи за 16,1%, и Трајни производи за широка потрошувачка за 6,4%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во март 2024 година издадени се вкупно 321 одобрение за градење, што претставува значителен пад од 22,7% во однос на истиот месец од 2023 година, како резултат на годишниот пад на издадени одобренија за градење за објекти од високоградба за 12,3% (кои во вкупниот број на издадени одобренија за градење учествуваат со 60,1%), додека кај објектите за реконструкција се бележи намалување за 17,2%. Споредено со февруари 2024 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 17,1%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во март 2024 година е повисока за 4,8% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи пад од 33,6%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 193 (или 60,1%) се наменети за објекти од високоградба, 56 (или 17,5%) за објекти од нискоградба и 72 (или 22,4%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 321 издадено одобрение за градење, на 200 објекти (или 62,3%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 121 објект (или 37,7%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во март 2024 година предвидена е изградба на 1013 станови со вкупна корисна површина од 72.506м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е зголемен за 6,5%, а на годишно ниво за 111,9%.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(март 2024)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.7: Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*






Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Во февруари 2024 година извршени се градежни работи во вкупна вредност од 1.923 милиони денари, што претставува номинален годишен пад од 21,1%, при што кај високоградбата се забележува пад од 53,5%, додека кај нискоградбата раст од 5,5%. Споредено со јануари 2024 година, вкупната вредноста на извршените градежните работи бележи пад од 11,3%, кај високоградбата од 17,3% и кај нискоградбата од 8,5%.

Кумулативно, во периодот јануари – февруари 2024 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 4.090 милиони денари, што е за 8,3% помалку во споредба со истиот месец минатата година.




Во рамки на извршените градежни работи поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која извршените градежни работи во текот на првите два месеца од годината изнесуваа 2.859 милиони денари, односно 21,1% повеќе во однос на истиот период минатата година. Вредноста на извршените работи кај високоградбата во овој период се намали за 44,4% и изнесуваше 1.115 милиони денари.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - февруари 2024 година е намалена за 3,6%, при раст кај нискоградбата (27,4%) и пад кај високоградбата (41,5%).

## Промет во секторот трговија

Во март 2024, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен пад на прометот од 1,8%, по растот од 7,7 %, во февруари. Вредноста на прометот во март 2024 година изнесува 65.422 милиона денари, додека кумулативно, во периодот јануари - март 2024 година вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 185.296 милиони денари, односно непроменета во однос на истиот месец минатата година.




Кумулативно, во перидот јануари - март 2024 година, позитивен раст на прометот е забележан во секторот трговија на големо, чија вредност изнесува 100.274 милиони денари или за 0,8% повеќе во однос на истиот месец минатата година, како и кај секторот трговија со моторни возила и поправки чија вредност изнесува 11.523 милиони денари, односно за 0,5% повеќе во однос на истиот период од минатата година, додека пад се забележува единствено кај трговија на мало, чија вредност изнесува 73.499 милиони денари или за 1,2% помалку во споредба со иститот месец минатата година.

На реална основа, трговијата на мало во март 2024 година бележи годишен пад од 0,4%, додека анализирано по групи и класи намалување се забележува во групите: трговија на мало со автомобилски горива за 5,1% и трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 4,1%, а зголемување во групата трговија на мало со непрехранбени продукти за 5,9%.

Во март 2024 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (54,58%), потоа Трговија на мало (38,55%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (6,87%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во март 2024 година изнесува 4,0% и споредено со претходниот месец (3,0% во февруари 2024 година) таа забрза за 1,0 п.п.. Во март инфлацијата главно произлегува од базичната компонента со значително намален притисок од прехранбената и енергетската компонента.

Графикон 1.10: Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)




Во март, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) изнесува 5,3% на годишна основа (4,8% претходниот месец). Овој месец најголем позитивен придонес имаат зголемените цени од категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици, а потоа следат цените во категоријата Ресторани и хотели.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забележаа раст од 3,5%, односно зголемување од 2,0 п.п. во споредба со претходниот месец, при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во март изнесува 1,4 п.п.. Зголемувањето се должи и на укинувањето на мерката за намалување на цените за 10% на основните прехранбени производи кои во малопродажбата се продаваа со ознаката „гарантирана цена", но и на растот цените на зеленчукот и овошјето. Најголем позитивен придонес во растот на категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа следните поткатегории: зеленчук (годишен раст од 15,0%, придонес од 0,7 п.п.), овошје (годишен раст од 18,4%, придонес од 0,4 п.п.), месото (годишен раст од 2,1%, придонес од 0,2 п.п.) и леб и жита (годишен раст од 2,0%, придонес од 0,2 п.п.). Негативен придонес во цените на храната имаа: масло (-0,2 п.п.) и млеко, сирење и јајца од (-0,1 п.п.).

Графикон 1.11: Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)




Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во март 2024 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 11,5% (придонес во растот на вкупната инфлација од 0,6 п.п.), при што најголем придонес во растот на оваа категорија имаа цените на тутунот. Раст на цените е регистриран и во другите категории, и тоа: Ресторани и хотели од 6,5%, Здравствена заштита од 5,5%, Рекреација и култура од 4,8%, Мебел, покуќнина и редовно

одржување на домаќинствата од 4,7%, Разновидни стоки и услуги од 4,7%, Облека и обувки од 4,6%, Транспорт од 3,7%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,8% и Комуникации од 1,8%. Намалување се забележува во категоријата Образование од 0,6%.

Во март, потрошувачките цени се зголемија за 0,9% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 0,4%). Цените на храната се зголемија за 1,3% и најголем придонес во зголемувањето имаше растот на цените во категориите месо и млеко, сирење и јајца од по 0,2 п.п..

Графикон 1.12: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан




Во март, освен кај Храната и безалкохолните пијалаци, цените се зголемија во категориите Транспорт од 3,1%, Разновидни стоки и услуги од 0,6%, Рекреација и култура и Ресторани и хотели од по 0,5%, Облека и обувки од 0,2%, Домување, вода, електрична енергија, гас и Здравствена заштита од по 0,1%. Пад на цените на месечно ниво е регистриран во категоријата Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата од 0,1%. Цените во категоријата Образование останаа непроменети.

Во март 2024 година, цените на мало се зголемија за 3,8% на годишно ниво. На месечна основа, цените на мало регистрираа раст од 1,0%. Во првите три месеци од 2024 година, цените на мало се зголемија за 3,1% на годишно ниво.

Во март 2024 година, стапката на инфлација во еврозоната регистрира намалување за 0,2 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 2,4% (2,6% во февруари).

ЕЦБ ја ревидираше стапката на инфлација за еврозоната во надолна линија, и тоа за 0,5 п.п. за 2024 година, додека стапката на инфлација за 2025 година останува иста. Согласно проекциите, стапката на инфлација во 2024 година би достигнала 2,7%, во 2025 година 2,1% и во 2026 година1,9%. За 2024 година се очекува постепено намалување на инфлацијата, а на крајот од годината намалување на главните компоненти на инфлацијата со што ќе се постигне таргетот на ЕЦБ од 2,0% во втората половина од 2025 година.

## Берзански цени

Во март, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се зголеми за 2,0% на месечно ниво и изнесува 85,5 долари за барел, што ја рефлектира неизвесноста околу ескалацијата на конфликтот на Блискиот Исток. На годишно ниво, цената на нафтата е повисока за 8,8%.

Графикон 1.13: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Во март 2024 година, цената на природниот гас регистрира пад од 1,6% на месечно ниво. Овој пад одразува поширок тренд како резултат на влијанието на климатските и економските фактори, вклучително и на повисоките од просечните температури забележани на северната хемисфера и забележителното намалување на побарувачката. На годишно ниво, цената на природниот гас во март 2024 година се намали за 35,1%.

Во 2023 година се забележува стабилизирање и намалување на цените на енергентите на светските и на регионалните берзи, по значителниот раст во текот на 2021 и 2022 година. Цената на електричната енергија во март 2024 година според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 65,12 евра за мегават/час и на месечно ниво е намалена за 6,1%, а на годишно ниво за 42,6%.

Графикон 1.14: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Табела 1.1 Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| I | 148,7 | 83,1 | 714,1 |
| II | 146,2 | 82,7 | 585,1 |
| 2023 III | 113,4 | 78,5 | 488,7 |
| IV | 106,7 | 84,1 | 478,4 |
| V | 88,2 | 75,7 | 357,7 |
| VI | 96,6 | 74,9 | 366,2 |
| VII | 94,5 | 80,1 | 337,2 |
| VIII | 100,4 | 86,2 | 396 |
| IX | 103,8 | 94,0 | 408,6 |
| X | 104,9 | 91,1 | 515,5 |
| XI | 99,38 | 83,2 | 512,5 |
| XII | 81,72 | 77,9 | 407,1 |
| I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |
| 2024 III | 65,12 | 85,5 | 302,6 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)




Во март 2024 година, цените на повеќето основните метали регистрираа зголемување на месечно ниво. На месечно ниво се зголемија цените на: никелот за 6,7%, калајот за 5,2%, бакарот за 4,6%, цинкот за 4,3% и алуминиумот за 2,1%. На месечно ниво се намалија и цените на оловото за 1,1% и на на железната руда за 11,7%.

Во март 2024 година, цените на благородните метали се зголемија на месечно ниво. Цената на златото се зголеми за 6,7%, а трендот на раст го следеа и другите благородни метали, па така среброто регистрираше раст за 8,2% и платината за 1,6%.

Во март, цената на пченката се зголеми за 0,8% на месечно ниво, додека цената на пченицата се намали за 7,2%. Цената на сончогледовото масло се зголеми за 2,8% на месечна основа.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА




Вкупната надворешнотрговска размена во првите три месеци од 2024 година изнесува 4.666,0 милиони евра и бележи пад од 4,5% во однос на истиот период од минатата година.

Во периодот јануари - март 2024 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е зголемено за 1,3 п.п. споредено со истиот период од претходната година и изнесува 63,4%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите три месеци од 2024 година изнесува 24,4% и е намалено за 1,0 п.п. во однос на истиот период од 2023 година.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во првите три месеци од 2024 година изнесува 1.929,9 милиони евра и бележи пад од 9,2% (196,2 милиона евра) во однос на истиот период од 2023 година, а физичкиот обем на извозот е намален за 2,9%.

[1] Започнувајќи од март 2021 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Вредноста на извезените стоки во март 2024 година изнесува 722,0 милиона евра и бележи пад од 8,1% (63,8 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 7,2% споредено со март 2023 година.



Графикон 2.2: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*

Извор: ДЗС.

Анализирано на месечно ниво, во март 2024 година извозот бележи раст од 9,9% (64,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен раст од 1,4%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (8,5 п.п.) врз извозот овој месец.



Графикон 2.3: Структура на извозот по СМТК

Извор: ДЗС.

Вредноста на извозот на храна во првите три месеци од 2024 година е зголемена за 15,1 милион евра, што претставува раст од 15,0% во однос на истиот период од 2023 година, а количината на извезената храна е зголемена за 3,3%. Растот на вредноста на извозот на храна е проследен и со зголемување на количината на извозот на храна, што главно се должи на одредено намалување и стабилизирање на цените на храната на меѓународниот пазар. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првите три месеци од 2024 година изнесува 6,0% и е зголемено за 1,3 п.п. во однос на истиот период од 2023 година.

Анализирано според економските групации[2] на земјите, во периодот јануари - март 2024 година споредено со истиот период од 2023 година, извозот бележи пад во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион и Заедница на независни држави. Раст има само кај земјите од Западен Балкан. Извозот во ЕУ 27 бележи пад од 8,9% на годишно ниво и учествува со 79,8% во вкупниот извоз на Република Северна Македонија, додека извозот кај земјите од Западен Балкан бележи раст од 4,7%, и учествува со 12,8% во вкупниот извоз на нашата земја.

[2] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - март 2024 година изнесува 2.736,1 милион евра и бележи пад од 0,9% (23,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2023 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 6,8%.

Вредноста на увозот во март 2024 година изнесува 991,3 милиони евра, што претставува пад од 0,4% (3,9 милиони евра) во однос на истиот месец од 2023 година, а увезените количини стоки се намалени за 3,7% споредено со март 2023 година.

Анализирано на месечно ниво, во март 2024 година увозот бележи раст од 5,0% (47,0 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен пад од 1,4%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (6,3 п.п.) врз увозот овој месец.







Вредноста на увозот на храна во првите три месеци од 2024 година е зголемена за 34,0 милиони евра, што претставува раст од 15,2% во однос на истиот период од 2023 година, а количината на увезената храна е зголемена за 22,8%. Растот на вредноста на увозот на храна е проследен и со зголемување на количината на увозот на храна, што главно се должи на одредено намалување и стабилизирање на цените на храната на меѓународниот пазар. Во првите три месеци од 2024 година учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 9,4% и е зголемено за 1,3 п.п. во однос на истиот период од 2023 година.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2023 | I-III-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 31,1 | 32,1 | 1,0 | 3,3 |
| Мил.ЕУР | 27,6 | 24,8 | -2,8 | -10,3 |
| Мил$ | 29,6 | 26,9 | -2,8 | -9,3 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2023 | I-III-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 307,1 | 261,8 | -45,3 | -14,8 |
| Мил.ЕУР | 231,0 | 200,8 | -30,2 | -13,1 |
| Мил$ | 247,9 | 218,0 | -29,9 | -12,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2023 | I-III-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 18,7 | 8,7 | -10,1 | -53,7 |
| Мил.ЕУР | 624,5 | 483,8 | -140,7 | -22,5 |
| Мил$ | 670,4 | 525,0 | -145,3 | -21,7 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2023 | I-III-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 6,2 | 7,6 | 1,4 | 22,1 |
| Мил.ЕУР | 45,1 | 47,1 | 2,0 | 4,4 |
| Мил$ | 48,4 | 51,1 | 2,7 | 5,5 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2023 | I-III-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 182,1 | 184,0 | 1,9 | 1,0 |
| Мил.ЕУР | 156,1 | 144,2 | -11,9 | -7,6 |
| Мил$ | 167,5 | 156,6 | -11,0 | -6,5 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2023 | I-III-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 186,5 | 162,3 | -24,3 | -13,0 |
| Мил.ЕУР | 139,4 | 113,3 | -26,0 | -18,7 |
| Мил$ | 150,0 | 123,0 | -26,9 | -17,9 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - март 2024 година, трговскиот дефицит се зголеми за 27,3% односно 172,7 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во март 2024 година, трговскиот дефицит се зголеми за 28,7%, односно 60,0 милиони евра споредено со март 2023 година.

Графикон 2.6: Надворешно-трговска размена (износи во милиони евра)




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, стоки за инвестиции без транспортна опрема, стоки за широка потрошувачка и храна и пијалаци, како и на намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива.

Во периодот јануари - март 2024 година, 86,0% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат: Турција, Полска, Србија, Бугарија, Италија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Чешка, Словачка, Белгија, Унгарија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 92,9% од трговската размена во периодот јануари - март 2024 година е реализирана во евра и останува на исто ниво во однос на истиот период од 2023 година. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 95,9% и 90,8%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 0,6 п.п., а кај увозот намалена за 0,3 п.п. во однос на периодот јануари – март 2023 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-III-2023 | | | | | I-III-2024 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 1.596,2 | 2.516.195.994 | 61,6670 | 155.166.258.344 | 91,2 | 1.485,5 | 2.485.689.931 | 61,6205 | 153.169.456.381 | 90,8 | -30.506.063 | -1,2 |
| УСД | 129,0 | 240.886.195 | 57,5188 | 13.855.484.882 | 8,1 | 121,7 | 240.292.184 | 56,7386 | 13.633.842.128 | 8,1 | -594.011 | -0,2 |
| ГБП | 0,4 | 4.878.470 | 69,8273 | 340.650.384 | 0,2 | 0,9 | 7.719.386 | 71,9579 | 555.470.781 | 0,3 | 2.840.916 | 58,2 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 1.725,6 | | | 169.362.393.609 | 99,3 | 1.608,1 | | | 167.358.769.290 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 1.729,4 | | | 170.204.788.135 | 100,0 | 1.612,4 | | | 168.616.310.363 | 100,0 | | -0,9 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Во периодот јануари – март 2024 година, вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 69.418 милиони денари, односно 7,1% од БДП, што претставува повисоко остварување за 5,2% во однос на истиот период од 2023 година. Во споредба со март претходната година, буџетските приходи бележат намалување за 11,5%, што произлегува од намалувањето приходите по основ на ДДВ (за 3,7%) и акцизите (за 0,7%), како и на нивниот негативен придонес од 0,8 п.п. и 0,1 п.п., соодветно. Притоа, во март 2024 година, даночните приходи забележаа раст од 4,4% на годишна основа, како резултат на зголемувањето на приходите по основ на данокот од личен доход, данокот на добивка, увозните давачки и други даноци.

Во периодот јануари – март 2024 година, реализацијата на даночните приходи изнесува 39.487 милиони денари. Тие се повисоки за 11,0% во однос на периодот јануари – март 2023 година, и тоа како резултат на растот на приходите од данокот на личен доход, данокот на добивка, ДДВ, акцизите, увозните давачки и други даночни приходи.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од ДДВ имаат доминантно учество од 43,3% во вкупните даночни приходи со остварен износ од 17.106 милиони денари и бележат зголемување од 3,8% во однос на периодот јануари – март претходната година. Притоа, годинава ДДВ е наплатен во бруто-износ од 27.924 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 10.818 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 5,0%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 7,1% споредено со 2023 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува повисоко остварување за 4,6%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување за 6,1%. Акцизите се остварени во износ од 6.380 милиони денари (учество од 16,2% во даночните приходи), што претставува зголемување од 7,8% во споредба со периодот јануари – март 2023 година. Така, приходите од овие два индиректни данока

износуваат 23.486 милиони денари, што претставува 59,5% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – март 2024 година.

Приходите од данокот на личен доход изнесуваат 7.150 милиони денари и бележат раст од 20,9% на годишна основа, а притоа 62,1% од приходите се од плата и други лични примања, 7,8% од приходи од капитал, 8,3% од приходи по основ на договор на дело, 7,7% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 14,1% од други видови данок на доход.

Во периодот јануари – март 2024 година, приходите од данокот на добивка изнесуваат 5.624 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 23,0% во однос на истиот период претходната година, а се должи на позитивните остварувања кај месечните аконтации коишто се зголемени за 16.6% и даночните биланси за 33,9%.

Приходите од царина се остварени во износ од 2.945 милиони денари и забележаа зголемување од 17,6%. Приходите од други даноци со остварен износ од 282 милиона денари забележаа зголемување за 57,5% во однос на истиот период минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 23.911 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 15,2% споредено со претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 15,1%, кај придонесите за вработување за 15,0% и кај придонесите за здравствено осигурување за 15,5%.

Неданочните приходи изнесуваат 4.957 милиони денари и во однос на периодот јануари – март 2023 година забележаа повисоко остварување за 26,9% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 199 милиони денари, што преставува зголемување од 3,1% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 590 милиони денари и се за 88,8% пониски во однос на истиот период од 2023 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Во периодот јануари – март 2024 година, вкупните расходи на Буџетот изнесуваат 84.085 милиони денари, односно 8,6% од БДП, што е за 20,9% повеќе во однос на истиот период претходната година. Во споредба со март претходната година, буџетските расходи бележат зголемување за 9,2%, што се должи на зголемувањето на тековните трошоци за 12,3%, додека капиталните трошоци бележат намалување за 25,5%.

Во структурата на реализираните вкупни расходи во периодот јануари – март 2024 година, тековните расходи во износ од 77.071 милион денари учествуваат со 91,7% и се зголемија за 20,0% во однос на периодот јануари – март 2023 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 10.234 милиони денари, што претставува зголемување за 24,9% во однос на истиот период претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,2%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваат 4.530 милиони денари и споредено со периодот јануари – март 2023 година забележаа зголемување од 1,3%.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Доминантно учество во тековните расходни ставки имаат трансферите во износ од 55.227 милиони денари. Средствата за трансфери бележат раст од 14,9% во однос на периодот јануари – март 2023 година, а учествуваат со 65,7% во вкупните расходи.

**Графикон 3.3:** Буџетски остварувања (во %)




Извор: МФ.

Во рамки на трансферите, раст од 17,8% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваат 40.924 милиони денари, со што нивното учество во вкупните расходи изнесува 48,7%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, изнесуваат 25.959 милиони денари, што претставува зголемување за 21,5% споредено со периодот јануари – март 2023 година. Нивното учество во вкупните расходи изнесува 30,9%. Во категоријата други трансфери е регистрирано зголемување од 8,1%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваат 6.695 милиони денари, што претставува зголемување за 6,1%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 6.335 милиони денари бележат зголемување од 11,9% во споредба со истиот период претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи изнесуваат 7.014 милиони денари со структурно учество од 8,3% во вкупните расходи, што претставува повисока реализација од 31,7% во споредба со периодот јануари – март 2023 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – март 2024 година Министерството за труд и социјална политика реализира 22.165 милиони денари или 37,7% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (75,9%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 16.833 милиони денари или 43,0% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 16,6% во вкупните расходи и за оваа намена се реализирани 27,1% (3.685 милиони денари) од планираните за 2024 година.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 9.312 милиони денари, што е 24,7% од вкупниот буџет за 2024 година. Најголем дел од расходите (57,6%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 5.363 милиона денари или 25,1% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 18,3%, за што се потрошени 1.699 милиони денари, односно 25,8% од вкупно предвидените.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(март 2024 година)*




Извор: МФ.

Во периодот јануари – март 2024 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 3.750 милиони денари, што претставува 28,7% од сопствениот буџет за 2024 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 64,8%, за што се потрошени 2.428 милиони денари или 26,5% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 17,4%, и за таа намена се реализирани 652 милиона денари или 30,0% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 2.182 милиона денари што претставува 26,0% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 90,4% во вкупните расходи, реализирани се 28,5% од планираните средства за цела година, односно 1.972 милиона денари.

Во периодот јануари – март 2024 година, Министерството за одбрана реализира 3.982 милиона денари, што е 19,8% од вкупниот буџет за оваа година. Капитални расходи има најголемо учество во расходите, и тоа 35,6%, па реализацијата за таа намена изнесува 1.419 милиони денари (21,5% од вкупно предвидените средства за тековната година). Плати и надоместоци учествува со 35,5% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 1.414 милиони денари, односно 24,2% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 1.184 милиони денари, односно 22,8% од планираните средства за 2024 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 62,2% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 737 милиони денари (22,8% од предвидените средства).

Во овој период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 1.842 милиона денари или 24,0% од вкупниот буџет за 2024 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите, и тоа 66,0%, за што се потрошени 1.215 милиони денари или 34,7% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 386 милиони денари (12,2% од планираното за годината) и учество од 20,9% во вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски реализира 691 милион денари, што е 3,4% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 62,9% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (435 милиони денари или 2,3% од вкупно планираните средства).

Во периодот јануари – март 2024 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 272 милиона денари, што претставува 15,8% од предвидените за 2024 година. Плати и надоместоци (150 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 55,1%, а притоа се реализирани

25,2% од планираните. По основ на капитални расходи отпаѓаат 20,9% од вкупните расходи, за што се реализирани 57 милиони денари или 9,2% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – март 2024 година, дефицитот во Буџетот на Република Северна Македонија изнесува 14.667 милиони денари, што претставува 1,5% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 19.654 милиони денари или 2,0% од БДП. Буџетскиот дефицит во периодот јануари – март 2024 година изнесува 43,7% од вкупно планираниот буџетски дефицит за оваа година.

**Графикон 3.5.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)




Извор: МФ.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во првите три месеци од 2024 година, во Агенцијата за вработување се регистрирани вкупно 49.396 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2023 година, вкупниот број нововработени лица е намален за 0,5%. Бројот на новозасновани работни односи почнувајќи од април 2021 година до средината на 2022 година бележи тренд на позначителен годишен раст, а во периодот потоа е на релативно стабилно ниво. Трендот на раст, меѓу другото, беше резултат и на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 43,6% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во март 2024 година, 16,3% се од евиденцијата на невработени.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Вкупниот број невработени лица во март 2024 година изнесува 153.296, од кои 105.844 лица се активни баратели на работа, а 47.452 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 1,2%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на февруари 2024 година бројот на невработени е намален за 595 лица. Бројот на невработени лица во цела 2020 година па сè до февруари 2021 година генерално беше во пораст, а почнувајќи од март 2021 година наваму бележи тренд на месечно намалување.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Најголем дел од активните невработени лица (59,4%) е градско население, а според половата структура 48,7% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,2%, е со непотполно средно образование или помалку, 24,3% со завршено средно образование, а 7,5% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 50,7% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 58,0% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 12,5% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во февруари 2024 година изнесува 39.276 денара и оствари годишен раст од 16,5%, а во однос на јануари 2024 година таа е пониска за 0,7%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на февруари 2023 година се забележува во следните сектори: Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (24,9%), Административни и помошни услужни дејности (22,5%), и Уметност, забава и рекреација (20,4%). Во февруари 2024 година, реалните плати забележаа годишен раст од 13,1%.

Највисока просечна нето-плата во февруари 2024 година е исплатена во секторот Информации и комуникации (75.760 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата е исплатен во дејноста

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Графикон 4.4: Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0




Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (93.852 денара), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на осигурување со 54.013 денари, секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 52.221 денар и секторот Стручни, научни и технички дејности со просечно исплатена нето-плата во висина од 44.909 денари.

Просечната номинална бруто-плата во февруари 2024 година изнесува 58.967 денари и споредено со истиот месец од 2023 година порасна за 16,8%, а на месечна основа е пониска за 0,7%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во февруари 2024 година во однос на февруари 2023 година се забележува во следните сектори: Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (25,4%), Административни и помошни услужни дејности (22,8%) и Уметност, забава и рекреација (20,3%).

## Пензии




Во март 2024 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување се евидентирани 337.523 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 70,2% се корисници на старосна пензија, 22,0% на семејна пензија и 7,8% на инвалидска пензија.

Просечната пензија во март 2024 година изнесува 21.191 денар односно за 11,0% повисока во однос на истиот месец од 2023 година[3]. Растот на пензиите е резултат, меѓу другото, и на мартовското усогласување на пензиите според новата методологија која предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Според оваа методологија, усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември, почнувајќи од март 2022 година.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во февруари 2024 година (последни расположливи податоци) изнесува 51,2%.

Просечната старосна пензија во март 2024 година изнесува 22.862 денара, просечната инвалидска пензија 18.818 денари, а просечната семејна пензија 16.707 денари. За исплата на пензиите овој месец потрошени се 7.147 милиони денари, што претставува 53,8% од вкупните социјални трансфери.

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во март 2024 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на нивото од 6,30%. Во првата половина од 2023 година продолжи трендот на зголемување на основната каматна стапка со цел да се одржи стабилноста на девизниот курс и среднорочната ценовна стабилност во услови на зголемени цени, меѓутоа веќе шест месеци по ред основната каматна стапка е непроменета односно остана на нивото од 6,30%.

Во март 2024 година, расположливите депозити преку ноќ и на седум дена изнесуваат 4,20% и 4,25%, соодветно.

## Примарни пари

Во март 2024 година, примарните пари[4] се намалија за 6,7% на месечно ниво. Падот на примарните пари се должи на намалувањето на вкупните ликвидни средства за 13,6%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 0,2%.

На годишно ниво, примарните пари регистрираа раст од 4,3%, што е резултат на зголемувањето на готовите пари во оптек за 10,1%, додека вкупните ликвидни средства на банките се намалија за 1,8%.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити
( март 2024 година)




Извор: НБРСМ.

## Депозитен потенцијал[5]

Во март 2024 година, вкупните депозити на банките се намалија за 0,9% месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на претпријатијата се намалија за 2,4%, додека депозитите на домаќинствата останаа речиси непроменети (раст од 0,1%).

Од аспект на валутата, во март 2024 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и во странска валута се намалија за 1,2% и 0,4%, соодветно.

Графикон 5.2: Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Во март 2024 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 9,3% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна и во странска валута се зголемија на годишно ниво за 12,3% и 5,6%, соодветно.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 12,2% на годишно

[4]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

[5]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 8,7%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (март 2024 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***531.140*** | ***-0,9%*** | ***9,3%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *299.954* | *-1.2%* | *12,3%* |
| *Странска валута* | *231.186* | *-0,4%* | *5,6%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *215.550* | *-1,1%* | *1,0%* |
| *Долгорочни* | *124.375* | *1,3%* | *24,4%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***449.251*** | ***0,3%*** | ***6,1%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *262.650* | *0,7%* | *8,6%* |
| *Странска валута* | *186.601* | *-0,3%* | *2,8%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *69.185* | *0,61%* | *1,4%* |
| *Долгорочни* | *363.997* | *0,4%* | *6,9%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 1,0%, а долгорочните депозити за 24,4%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 56,5%.

## Кредити на банките

Во март 2024 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,3% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на домаќинствата за 0,5%, додека кредитите на претпријатијата останаа непроменети.

Од аспект на валутата, во март 2024 година денарските кредити се зголемија за 0,7%, а девизните кредити се намалија за 0,3% на месечна основа.

На годишна основа, во март 2024 година вкупните кредити се зголемија за 6,1%, во услови на раст на кредитите на претпријатија и кредитите кон домаќинствата за 5,4% и 6,8%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 8,6%, а кредитите во странска валута за 2,8%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 6,9%, а краткорочните кредити од 1,4%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во март 2024 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 5,50%. Каматната стапка на денарските кредити остана непроменета и изнесува 5,90%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,05 п.п. и изнесува 5,02%.

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




**Извор: НБРСМ.**

Во март 2024 година, вкупната каматна стапка на депозитите се зголеми за 0,04 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 1,80%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,03 п.п. и изнесува 2,28%, а на девизните депозити за 0,03 п.п. и изнесува 1,38%.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 5,35%, а на новоодобрените девизни кредити 4,18%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,84% и 2,12%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во март 2024 година се намали за 26% на месечно ниво, како резултат на падот на прометот од класичното тргување за 34,1%, додека прометот од блок трансакциите се зголеми за 27,8%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во март 2024 година изнесува 633,6 милиони денари што претставува зголемување за 27,5% на годишно ниво.

На крајот на март 2024 година, Македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесува 7.067,13 индексни поени, при што на месечно ниво е зголемен за 3,8%, а во однос на истиот месец претходната година за 20,9%.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на март 2024 година е 4.287,1 милион евра и во однос на претходниот месец тој е намален за 1,4%, а во однос на март 2023 година е зголемен за 3,1%.